Apx

Министерство за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор ДОЖТУ ВИНИ ФАРМА ДОО , Илинден- Илинден застапувано од Тоде Атанасовски и со Записник бр. Ип1-29-85 од 28.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став1 точка5,6,17 од Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 3/25), член 42 став 1 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 251/21) и член27 став1 алинеа 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина(Сл.весник на РСМ број 99/2022годи3/2025) донесе:

## РЕШЕНИЕ

**1.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект ДОЖТУ ВИНИ ФАРМА ДОО , Илинден- Илинден да изработи програма за управување со отпад и истата ја достави до МЖСПП.

**2.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект ДОЖТУ ВИНИ ФАРМА ДОО , Илинден- Илинден да достави годишен извештај за 2024 и 2025 година во МЖСПП.

**3.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект ДОЖТУ ВИНИ ФАРМА ДОО , Илинден- Илинден да назначи лице за управиотел со отпад кое има уверение за управител со отпад или да склучи договор со лице кое поседува лиценца за управител со отпад.

**4.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект ДОЖТУ ВИНИ ФАРМА ДОО , Илинден- Илинден да скучи Договор за отпад од пакување согласно Законот за пакување и отпад од пакување.

Рокот за ивршување на изречената инспекциска мерка од точка1.2.3 и 4 на ова Решение, изнесува **90(девеесет)** дена од ден на прием на Решението.

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1,2,3 и 4 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

### Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 116 став 1 точка од Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 3/25) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор ДОЖТУ ВИНИ ФАРМА ДОО , Илинден- Илинден и со Записник бр. Ип1-29-85 од 28.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба:

Извршен е редовен инспекциски надзор во правниот субјект ДОЖТУ ВИНИ ФАРМА ДОО , Илинден- Илинден. На увид не доставија програма за управување со отпад. На увид ни доставија годишен извештај за 2024 година, одговорното лице изјаи дека годишниот извештај за 2024 година е доставен до МЖСПП но неможеше да го најде доказот за достава.

Одговорното лице изјави дека нема назначено лице за управител со отпад. На увид не доставија Договор за пакување и отпад од пакување.

---

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116 став 1 од Законот за управувањењ со отпад и член117 став 1 од Законот за управување со отпад и член 41 став 1 , член 42 став 1 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број Ип1-29-85 од 28.01.2026**

**Државен инспектор за животна средина**
**Зоран Стојнев**

**М.П.**

---

со службена легитимација
број 06-0023 од 29.05.2025 год.